РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3709/12

10-10-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 32, член 22 став (1) и став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 51 и 52 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со член 74 став (1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), на 52-та седница одржана на ден 10.10.2021 година, во присуство на овластен претставник – полномошник на Група избирачи Данела Арсовска, Независен кандидат за Градоначалник на Град Скопје, за Локалните избори 2021 година, адвокат Ружица Николовска уредно повикан, со уредно овластување од 07.10.2021 година и во присуство на овластен претставник на подносителот на приговорот - Политичката партија ЛЕВИЦА, м-р Новица Ристески, уредно повикан, со уредно овластување ИП број 239/21 од 09.10.2021 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1) Приговорот поднесен од организаторот и учесник на изборна кампања - Политичката партија ЛЕВИЦА, со седиште на ул. „Миросллав Крлежа" бр.20/1-12 Општина Центар, Скопје, преку застапник по закон проф. д-р Димитар Апасиев, до Државната комисија за спречување на корупцијата заведен под архивски број 12-3709/1 од 05.10.2021 година, против Данела Арсовска – Независен кандидат за Градоначалник на Град Скопје, за Локалните избори 2021 година, поради прекршување на членовите 71 став 1 и 3, 75-ѓ став 1 и 12 и член 76-д став 5 од Изборниот законик, **СЕ ОДБИВА**.

2) Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

3) Одлуката по овој приговор во рок од 24 часа ќе се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата и ќе се достави до подносителот на приговорот и до лицето против кое е поднесен приговорот.

4) Предметот со број 12-3709 од 2021 година се затвора и се архивира.

## Образложение

На ден 05.10.2021 година до Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: Државната комисија) е доставен Приговор заведен истиот ден со архивски број 12-3709/1, со наводи за прекршување на членовите 71 став 1 и 3, 75-ѓ став 1 и 12 и член 76-д став 5 од Изборниот законик од овластен подносител - Политичката партија ЛЕВИЦА, со седиште на ул. „Миросллав Крлежа" бр.20/1-12